NATO OTAN

# ШТО Е НАТО?




посетете ја веб страницата:
**www.nato.int**



Организацијата на Северноатлантскиот договор е една од главните меѓународни институции во светот. Тоа е политички и воен сојуз кој обединува 30 земји-членки од Европа и Северна Америка.

Овие земји се собираат заради соработка во полето на безбедноста и одбраната. Во овој поглед, НАТО обезбедува единствено поврзување помеѓу овие два континента за политичка и безбедносна соработка.

## ЗАШТИТА НА ЛУЃЕТО

Ние често си земаме здраво за готово дека можеме да се движиме слободно наоколу во безбедна и економски стабилна средина. Безбедноста во сите полиња на секојдневниот живот е клуч за нашата благосостојба.

## СОЗДАВАЊЕ ПАРТНЕРСТВА

Формирање на дијалог и на соработка е пресудно за мирни односи и за подлабоко меѓународно разбирање.

НАТО обезбедува единствена можност за земјите кои се членки и партнери за консултација во врска со безбедносни прашања за градење на довербата и, долгорочно, во помагање на спречување на конфликти.

Преку практична соработка и мултилатерални иницијативи, земјите заедно се соочуваат со новите безбедносни предизвици.

## ГРАДЕЊЕ МИР И СТАБИЛНОСТ

Многу страни можат да уживаат истовремено во благодетите кои произлегуваат од стабилноста. Од пресудна улога е да се стабилизираат регионите каде тензиите поставуваат закани по безбедноста. Затоа НАТО игра активна улога во операциите на управување со кризи, во соработка со други меѓународни организации.

## БОРБА ПРОТИВ НОВИТЕ ЗАКАНИ

Како што се менува природата на заканите, така мора да се менуваат и методите на зачувување на мирот. НАТО врши преориентација на своите одбранбени капацитети кон заканите на денешното време. Тој прилагодува сили и развива мултинационални пристапи за справување со тероризмот, со нестабилни држави, и со други безбедносни закани како оружјата за масовно уништување.



# ШТО ПРАВИ НАТО?

НАТО се посветува на заштита на своите членки со помош на политички и воени средства. Исто така, ги охрабрува советувањето и соработката со земјите што не се членки на НАТО во широк спектар на области поврзани со безбедноста, како на пр. реформи во одбраната и одржување на мирот.

Преку дискусиите и партнерствата, НАТО придонесува за спречување конфликти во рамките на и надвор од границите на своите земји-членки.

Ги унапредува демократските вредности и се посветува на мирно решавање на споровите. Ако не успеат дипломатските напори, го има потребниот воен капацитет за преземање операции за управување со кризи и одржување на мирот самостојно или во соработка во други земји и меѓународни организации.

НАТО има и трета димензија што се состои од активности во областа на планирање во итни случаи за заштита на граѓаните, помагање на сојузниците и партнерите при соочувањето со катастрофи, како и унапредување на соработката во полето на науката и животната средина.

# КАКО РАБОТИ НАТО?

Секоја земја-членка има постојана делегација во политичкото седиште на НАТО во Брисел. Со делегацијата раководи амбасадор, којшто ја застапува својата влада при консултациите со Алијансата и процесот на одлучување.

Северно-атлантскиот совет е најважното политичко тело за донесување одлуки на Организацијата. Се состанува на различни нивоа, а со него претседава Генералниот секретар на НАТО кој им помага на членките да постигнат договор за клучните прашања.

Сите одлуки во рамките на секоја од комисиите на НАТО се донесуваат со консензус. Според тоа, „НАТО одлука“ претставува израз на колективната волја на сите земји-членки.

НАТО има многу малку сопствени постојани сили. Штом Северно-атлантскиот совет договори операција, членките доброволно придонесуваат со испраќање тимови. Овие тимови се враќаат во своите земји по завршувањето на мисијата.

Воено-командната структура има улога да ги координира и спроведува овие операции. Оваа структура се состои од седишта и бази лоцирани во различни земји-членки.

Секојдневните активности на НАТО, цивилните и воените структури и програмите за инвестирање во безбедноста се финансираат преку заеднички буџети во кои владите на членките придонесуваат во согласност со договорена формула за споделување трошоци.




# ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ И ЗЕМЈИ-ПАРТНЕРИ

**потпишувањето на Северноатлантскиот договор на 4 април 1949 г.**

## ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ (+ДАТУМ НА ПРИСТАПУВАЊЕ)

Албанија - 2009
Белгија - 1949
Бугарија - 2004
Германија - 1955
Грција - 1952
Данска - 1949
Естонија - 2004
Исланд - 1949
Италија - 1949
Канада - 1949
Летонија - 2004
Литванија - 2004
Луксембург - 1949
Норвешка - 1949
Обединетото Кралство - 1949
Полска - 1999
Португалија - 1949
Романија - 2004
Северна Македонија - 2020
Словачка - 2004
Словенија - 2004
Соединетите Американски Држави - 1949
Турција - 1952
Унгарија - 1999
Франција - 1949
Холандија - 1949
Хрватска - 2009
Црна Гора - 2017
Чешка - 1999
Шпанија - 1982

## ЗЕМЈИ ВО ПАРТНЕРСТВО ЗА МИР

Австрија
Азербејџан
Белорусија
Босна и Херцеговина
Грузија
Ерменија
Ирска
Казахстан
Киргистан
Малта
Молдавија
Русија
Србија
Таџикистан
Туркменистан
Узбекистан
Украина
Финска
Швајцарија
Шведска

## ЗЕМЈИ-ПАРТНЕРИ ОД МЕДИТЕРАНСКИОТ ДИЈАЛОГ

Алжир
Египет
Израел
Јордан
Мавританија
Мароко
Тунис

## ЗЕМЈИ ОД ИСТАНБУЛСКАТА ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОРАБОТКА

Бахреин
Катар
Кувајт
Обединети Арапски Емирати

## ПАРТНЕРИ НИЗ ЦЕЛИОТ СВЕТ

Авганистан
Австралија
Ирак
Јапонија
Колумбија
Монголија
Нов Зеланд
Пакистан
Република Кореја

0351-20 © NATO 2020 - MAC